РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-286/5 (2023)
29-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 - та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4440/1 од 19.09.2023 година, оформен по допрен глас во врска со информации за промена на ВД Директорот во Центар за ----------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за случајот се постапува од страна на друг надлежен орган пред кој постапката е во тек.

Предметот со број 12-4440/1 од 19.09.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Во ДКСК, по заклучок на состанок на колегиум одржан на ден 19.09.2023 година, е оформен предмет по сопствена инцијатива на ДКСК, заведен под број 12-4440/1 од 19.09.2023 година, по допрен глас, во однос на информации за промена на ВД Директорот во Центар за ----------------------------, кои се однесуваат на разрешувањето на ВД директор -------------------- и поставувањето на нов ВД директор -------------------------------.

Во конкретниот случај станува збор за тоа дека во Центарот за ---------------------------- на ден 22.08.2023 се извршила промена на ВД директор и на местото на ----------------------------------- бил поставен нов ВД Директор, лицето ------------------------, кое било вработено во Центарот како ---------- со завршена Висока медицинска школа отсек -----------, а подоцна се стекнало со диплома за специјалист за -------------------------. Исто така, постои сомневање дека лицето кое било избрано на раководното место ВД Директор имало само 3,5 години работно искуство како ------------ согласно неговите квалификации и дека согласно одлуката за разрешување на докторот специјалист кој раководел како лице кое било соодветно за ваквата функција (----------------), неправилно била извршена замена со лице кое немало соодветно образование за такво раководно место. Решението за промена на ВД Директорот било донесено од страна на Министерот за здравство --------------------.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара надлежно постапување за случајот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за да изврши инспекциски надзор во предметната здравствена установа, а побара податоци и информација и од Министерството за здравство на РСМ . По барањата добиени се бараните информации а од увидот во истите констатирано е следново:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Државниот санитарен и здравствен инспекторат - Сектор за инспекциски надзор, постапил во рамките на своите законски надлежности и на ден 09.10.2023 година извршил вонреден инспекциски надзор во предметната здравствена установа, при кој бил изготвен извештај за констатирана состојба со број -------------- од 12.10.2023 година, во кој е констатирано дека при изборот на лицето ------------ -------------- за ВД Директор, не биле исполнети условите предвидени од чл. 104 ст. 2 од Законот за здравствена заштита. За констатираното, имајќи го предвид членот 107 став 2 од Законот за здравствена заштита, според кој директорот на јавна здравствена установа го именува односно разрешува министерот за здравство, од страна на инспекторатот бил доставен извештај до министерот за здравство ------------------------.

- Министерството за здравство, постапил по Извештајот доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и со состојба 18.01.2024 година ДКСК е известена дека пред Министерството е во тек постапувањето по истиот.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за конкретниот случај се постапува од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа пред кој постапката е во тек, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување за овој преднмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д. Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска